20080540942

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 33 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 160/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 15.04.2008 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2008 ГОДИНА

I

1. Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 30/08 и 37/08), во делот II во табелата растителното производство, во колоната вид на мерки, во точката 1.2. зборот „засеани" се брише.

Во колоната износ во точката 1.3. износот „27.000.000" се заменува со износот „25.000.000".

Во точката 1.11. во колоната критериуми и висина на поддршка по зборовите „подигнати во 2007 година" се додаваат зборовите „и користена финансиска поддршка во 2007 година за подигнати нови овошни насади".

По точката 1.14. се додава нова точка 1.15. која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.15. | Финансиска поддршка за извршени педолошки анализи (анализа на натриум, фосфор, калиум и ph вредност, хумус и карбонати) во 2008 година | Висина на поддршка:<br>- 50% од трошоците за анализа но не повеќе од 1.700,00 денари по анализа<br>- за извршена максимум една анализа по барател | 2.000.000 |

2. Во табелата сточарство, во делот говедарство износот „311.060.000" се заменува со износот „341.060.000".

По точката 2.4. се додава нова точка 2.5. која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.5. | Финансиска поддршка за обележани говеда на фарми во ридско планински и погранични подрачја | Критериум:<br>-физички и правни лица на кои одгледувалиштето на говеда е регистрирано во ридско-планинско или погранично подрачје<br>-да нема користено средства од точките 2.1. и 2.4.<br>Висина на поддршка-1000 ден.по грло | 30.000.000 |

Во табелата точките 2.5., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.13, 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.18., 2.19., 2.20. и 2.21., стануваат 2.6., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12., 2.14., 2.15., 2.16., 2.17., 2.18., 2.19., 2.20., 2.21. и 2.22.

Во делот овчарство износот „261.500.000" се заменува со износот „231.500.000".

Во точката 2.6. која станува 2.7. износот „40.000.000" се заменува со износот „10.000.000".

Во точката 2.12. која станува 2.13. во колоната критериум и висина на поддршката, во алинејата 2 зборовите „за машките" се заменуваат со зборот „на".

3. Во делот IV во табелата Алтернативни, нетрадиционални и недоволно застапени производи во колоната вид на мерки во точката 3.1. зборовите „за подигање" се бришат.

Во точката 3.2. зборовите „за подигање" се бришат.

Во точката 3.4. во колоната критериуми и висина на поддршка после зборовите „подигнати во 2007 година" се додаваат зборовите „и користена финансиска поддршка во 2007 година за подигнати нови алтернативни овошни насади".

4. Во делот VII во табелата Посебни мерки, во точката 6.2. после зборот -„планински" се додаваат зборовите „и погранични". Во критериумите по зборот -„планински" се додаваат и зборовите „и погранични".

Точката 6.3. се менува и гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.3. | Надомест на трошоци за регистрација на индивидуални земјоделци | Критериум: Регистрирани земјоделци согласно Закон за регистрација и евиденција на вршители на земјоделска дејност или индивидуални земјоделци осигурани во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во период јануари-октомври 2008 година Висина на поддршка 2.000,00 ден./корисник | 20.000.000 |

По точката 6.4. се додава нова точка 6.5. која гласи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.5. | Подмирување на обврски на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство согласно Одлуката за давање на земјоделско земјиште восопственост на државата на плодоуживање („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/05) | Критериум: -регистрирани земјоделци според доставен список од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство | 30.000.000 |

5. Во делот IX во став 7 првата реченица се менува и гласи:

„Барателите за користење на средства од оваа програма, за да им се исплатат бараните средства по одделни мерки од Програмата мора да ги имаат подмирено надоместоците за користење на државно земјоделско земјиште и користење на пасишта во државна сопственост по склучен договор или по друг писмен доказ за преземена обврска за плаќање на надомест за користење на пасиштата во државна сопственост и надоместоците кои произлегуваат од Програмата за зголемување на производство на храна во Република Македонија (Јапонски грант)".

6. По ставот 7 се додаваат два нови става 8 и 9 кои гласат:

„Барателите за користење на средства од дел III, точка 2 – Сточарство, мерка 2.1., 2.2., 2.3., 2.4. и 2.5. за да им се исплатат бараните средства мора да ги имаат подмирено обврските кои произлегуваат од Наредбата за здравствена заштита на животните во 2008 година и Законот за идентификација и регистрација на животните.“

„Исплатата на средствата од оваа програма за дел VII, точка 6.4. се врши на осигурителните компании во корист на земјоделските производители кои го осигурале своето производство и тоа во висина од 30% од вредност на полисата.“

Ставовите 8, 9 и 10 стануваат 10, 11 и 12.

II

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-1656/1
15 април 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.